Република Македонија
Министерство за внатрешни работи

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Мисијата на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија е да ги заштитува основните вредности на демократијата. Министерството за внатрешни работи се залага за ефикасна државна управа и работници на кои граѓаните на Република Македонија може да им веруваат.

Визијата на Министерството за внатрешни работи во Република Македонија е беспрекорно владеење на правото, одржување на јавниот ред и мир и безбедност, како и борба против корупцијата и организираниот криминал, согласно највисоките стандарди за полициско работење.

**Од визијата на раководството произлезе обврската за постојано подобрување на системот за управување со квалитет воспоставен според барањата на стандардот**

**МКС EN ISO 9001:2009**

Со цел да се задоволат потребите и барањата на органите на државната управа, другите државни органи и институции, како и физичките и правните лица кои се корисници на услуги, минималното ниво на квалитет е истовремено исполнување на барањата на стандардот како и на барањата на прописите во Република Македонија.

Целите на Министерството за внатрешни работи се следните:
- остварување на системот на јавна и државна безбедност,
- спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Македонија,
- заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните,
- спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост,
- спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела,
- граѓански работи и
- други работи утврдени со закон.

Работниците на Министерството за внатрешни работи се согласуваат работите и задачите на работните места да ги извршуваат во согласност со утврдената политика за квалитет и постојаното подобрување на квалитетот.

Скопје, 17 јули 2015 година

**МИНИСТЕР**
**ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**м-р Митко Чавков**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ СКОПЈЕ